ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 470
e-mail: ipapic@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр.1004 /21**
**Дата:**27/05/21
Купувач: И. Станковска
**Рок на доставување:** 10/06/21

До:
e- mail
Број на страни: 4+1

| | |
|---|---|
| X | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

**Почитувани,**

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за третман со опасен отпад за потребите на ОКТА АД -Скопје, согласно Законот за управување со отпад и согласно Спецификацијата, која ќе Ви биде доставена по Ваша потврда за учество на тендерот.

**Инструкција за понудувачите:**

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на тендерот најдоцна до **Петок 04-06-2021** година на е-маил адресите:

ipapic@helpe.gr и a.dimitrievski@helpe.gr

## 1. ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1004/21"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.1. Во ковертот кој ќе ја содржи **ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА** потребно е да се доставaт следните документи:

1. Референтна листа на компании со која компанијата соработува или соработувала во последните три години во делот на третман со опасен отпад
2. Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад (издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање во согласност со Министерство за транспорт и врски, според Член 66 од Законот за управување со отпад - Службен Весник бр. 9/11)
3. Дозвола за складирање и третман на отпад (издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање во согласност со Министерство за транспорт и врски, според Член 32 од Законот за управување со отпад - Службен Весник бр. 9/11), според видови отпад дадени во табелата.
4. Време на одзив

**Напомена:** Доколку понудувачот поседува само една од горенаведените дозволи истиот има право на поднесување на понуда заедно со друга компанија (подизведувач на работите) со која има склучено договор за соработка и која ја поседува другата дозвола. Во ваков случај, понудувачот е обврзан во техничката документација, освен горенаведените документи да достави и валиден договор за соработка со неговиот подизведувач, како и дозволата на подизведувачот.

- Лица за контакт во ОКТА за **технички прашања**:
  Андреј Чешновар, 076-344-433
  Милијана Георгиевска, 076-363-093

1.2. Во ковертот кој ќе ја содржи **ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА** потребно е да се доставaт:

- Цени по килограм отпад согласно спецификацијата
- Цените да бидат вметнати во excel табелата доставена од наша страна

Со поднесување на понудата, понудувачите прифаќаат дека дадените цени ќе останат **фиксни и непроменети за времетраење на целиот договор.**

Понудените цени треба да се без ДДВ и треба да ги вклучат сите транспортни трошоци, патарини, трошоци за одржување и работни трошоци, трошоци за безбедност и здравје при работа, осигурувања, такси, плати, награди, бонуси и сите други редовни и дополнителни давачки за вработените на Понудувачот, ангажиран за извршување на услугата предмет на ова Барање понуда.

**Напомена:**

Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.

## 2. ОТВАРАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

Отворањето на понуди ќе се врши истовремено од страна на комисија на ОКТА. Во првата фаза ќе се отворат само техничките понуди и се врши увид во документите доставени од Понудувачот согласно точка 1.1.

ОКТА го задржува правото да побара од Понудувачите (по E-mail) во рок од два (2) работни дена, од денот на известувањето, да ги достават документите кои не се поднесени. Доколку бараните документи не се поднесени во наведениот рок, ОКТА го задржува правото да ги одбие овие понуди/Понудувачи.

Во текот на оценувањето на понудите, ОКТА го задржува правото да бара одредени појаснувања или доставување на дополнителни документи. Понудувачот мора да одговори во рок од два (2) работни дена од денот на известувањето, во спротивно ОКТА го задржува правото да го исклучи Понудувачот од понатамошна постапка.

ОКТА го задржува правото да ги посети објектите на Понудувачот или објектите на компаниите наведени во референтната листа. Понудувачот ќе биде навремено известен за датумот и времето на посета.

Отворање и оценка на финансиската понуда ќе се врши само за оние понуди кои се одобрени во претходната фаза.

## 3. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕНДЕРОТ

Согласно извршената евалуација, ОКТА ќе склучи договор за период од **три (3) години** со понудувачот/понудувачите кои ќе имаат доставено најповолни понуди.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и ќе се потпише договор со најповолниот понудувач;
- Понудувачите со самото доставување на понуда, потврдуваат дека ги разбираат и прифаќаат сите одредби од ова Барање понуда и дека содржината на понудата која ќе ја достават е валидна и правно обврзувачка за нив во сите нејзини делови до истекот на важност.
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.

- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да преговара со еден или повеќе Понудувачи;
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.

Понудата да се достави во затворен коверт со назнака

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1004/21” .**
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 10.06.2021 год.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на е-мејловите: ipapic@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

Со почит

Менаџер на Набава
Александар Димитриевски